ПРИДОБИВКИ ОД ПРИМЕНАТА НА СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ ВО С. МАКЕДОНИЈА ........ 325

Велибор Тасевски; Џеват Кицара ; Ана М. Лазаревска ........ 325

ИНТЕРЕС НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО АКТИВНОСТИ НА ОТВОРЕНО ........ 335

Деспина Сивевска; Билјана Попеска; Цветанка Ристова Магловска ........ 335

МОТИВСКИТЕ ФАКТОРИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИЖЕЊА НА ДОМАШНИТЕ ТУРИСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 344

Давид Трајковски ........ 344

ЕНЕРГЕТСКИ РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА САЛАТИ ........ 356

Дарко Андроников; Мерита Умети Лесковица ; Ацо Кузелов ........ 356

ОПШТИНА БЕРОВО, АТРАКТИВНА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ЗА СПЕЦИФИЧНИ ВИДОВИ ТУРИЗАМ ........ 363

Тања Ангелкова Петкова; Владимир Китанов ........ 363

ИНОВАЦИИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ........ 371

Владимир Китанов, Тања Ангелкова Петкова ........ 371

КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈА, МОДЕЛИРАЊЕ И МЕНАЏМЕНТ НА ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ И ЗНАЕЊЕ ВО ТУРИСТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 381

Бранко Николовски ........ 381

COMPUTERIZED BOOKING SYSTEMS: ICT READINESS CONTEXT FOR BALKAN COUNTRIES ........ 392

Žarko Rađenović ........ 392

DIGITAL TOURISM ........ 401
Dragan Vojinović[1]; Boris Brezo[2]; ........ 401
PREVALLA-BALKAN'S PEARL ........ 411
*Naser Bresa[1], Cane Kotecki[2], Zlatko Jakovlev[3]* ........ 411
КУЛТУРНА ДИПЛОМАТИЈА И КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ ЗА ВРЕМЕ НА СВЕТСКА ПАНДЕМИЈА ........ 417
Васко Шутаров[1] **Abstract** ........ 417
INTERNATIONAL TOURISM AND POLITICS ........ 428
Dimitar Dimitrov ........ 428

УДК 338.48:006.44(497.7)

# ПРИДОБИВКИ ОД ПРИМЕНАТА НА СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ ВО С. МАКЕДОНИЈА

*Велибор Тасевски[1]; Џеват Кицара [2]; Ана М. Лазаревска [3]*

## *Abstract*

*The standards published by the National Standardization Body of North Macedonia are increasingly being implemented in all fields that directly or indirectly (e.g. sustainable development and corporate social responsibility) affect the development of the field of tourism. In the scope of the activities performed by the Technical Committee for Tourism and Related Services, so far, no analysis of the benefits deriving from applying the Macedonian national standards, European and international standards adopted as Macedonian has been conducted. For the purposes of the herein presented research, a questionnaire has been prepared which assesses the scope and benefits implied by the application of standards in the field of tourism and related services, i.e. tourist destinations and competency requirements, equipment and facilities, etc., in order to provide stakeholders with criteria for performing informed decisions that ensure sustainability.*

*The conducted research indicates that the proper and continuous application of standards by stakeholders in the tourism sector enhances their competitiveness, promotes sustainable operations and improves the image of corporate social responsibility.*

Key Words: *standardization, standards, tourism, services.*
JEL classification: *L15, Z30*

## Вовед

Стандардизацијата е активност чија цел е воспоставување на правила за општа или повторлива употреба. Една од нејзините основни карактеристики е доброволна примена на стандардите. Тие задолжително се применуваат доколку се имплементирани во легислативите, регулативите, правилниците, јавните набавки [4]и слично. Целта на истражувањето опфатено во овој труд е:

1. Да се истражи колку стандардите се применуваат во туристичките дејности во Република Северна Македонија, и
2. Кои се придобивките од примената на стандардите од областа на туризмот во Република Северна Македонија.

Кога станува збор за квалитетот во туристичките дејности, без разлика дали станува збор за микро, мали, средни или големи претпријатија, слободно може да се каже дека има

[1]Велибор Тасевски, м-р, Институт за стандардизација на РСМ, ул. Јуриј Гагарин бр.15 кат III, Скопје, +38970274318, e-mail: tasevski.velibor@isrsm.gov.mk
[2]Џеват Кицара, м-р, Институт за стандардизација на РСМ, +38975444623, e-mail: kicara.dzevat@isrsm.gov.mk
[3]Ана М. Лазаревска, проф. д-р, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Машински факултет, Скопје, +38970270983, e-mail: ana.lazarevska@mf.edu.mk
[4] Прирачник за јавни набавки, Биро за јавни набавки, (2018). http://www.bjn.gov.mk/wpcontent/uploads/2018/11/Priracnik_za_javni_nabavki1.pdf

повеќе начини за да се постигне квалитетот на производите и услугите. Еден од начините е традицијата која има длабоки корени во успешното и квалитетно работење на туристичките чинители. Традиционалниот начин на подготовка на производите и давањето услуги има запазено соодветна термичка обработка на производите, безбедност на храната, безбедност при работа, патувања итн. За да се зачува квалитетот на производите и услугите потребна е нивна стандардизираност.

Земјите кои се ориентирани кон квалитетот, своите национални стратегии за управување на квалитетот ги базираат согласно потребите и барањата на своето поднебје, што нè наведува на фактот дека тие тежнеат кон задоволување на своите потрошувачи.

Долгорочно, концептот на одржлив развој подразбира континуиран економски раст, кој покрај економската ефикасност и технолошкиот напредок, зголемувањето на учеството на технологии и иновации во општеството и општетвено одговорно работење предвидува намалување на сиромаштијата и зголемување на безбедноста на општеството, подобрување на здравствените услови, квалитетот на живот и да се намали нивото на загадување на животната средина, спречување на загадувањето во иднина и зачувување на биолошката разновидност[1]. Постигнувањето на овие цели може да се обезбеди со воведување и примена на соодветни стандарди.

На иницијатива од заинтересираните страни во соодветната област се формираат технички комитети. Од областа на туризмот формиран е техничкиот комитет ИСРСМ ТК 44-Туризам и сродни услуги. Стандардите усвоени од страна на техничкиот комитет ИСРСМ ТК 44-Туризам и сродни услуги директно влијаат врз развојот на туризмот, додека дел од стандардите усвоени од други технички комитети индерктно влијаат на развојот на туризмот како што се системите за управување на квалитет и сл.

## Методологија

Како методологија за истражување на проблематиката, нејзина разработка и оценка користена е соодветна анализа на заинтересирани страни во туризмот. Било тоа да се директно поврзани, индиректно или не се поврзани со дејности од туризам и сродни услуги се добиваат индикатори за тоа во кој сегмент од туристичките услуги, заинтересираните страни се инволвирани, и како такви, каков е нивниот интерес според географската припадност на туристите за видовите на туризмот, туристичките ресурси, каков е нивниот интерс според должината на престојот итн.  Анализата има за цел да покаже колку заинтересираните страни се запознаени со работата на ИСРСМ и Програмата за работа на техничкиот комитет за туризам и сродни услуги, а воедно дали се запознаени со ISO-Меѓународните стандарди, CEN-Европските стандарди и МКС-Македонските стандарди од областа на туризмот и сродните услуги, дали имаат потреба од примена на стандардите и нивна имплементација. Доколку имаат, кои се придобивките од примената на европските и меѓународните стандарди усвоени како македонски и доколку намаат применето стандарди која е причината.

[1] Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009-2030, Влада на РСМ

## Разработка на студија на случај

Стандардизацијата помага во развојот на бизнисот и стратегиите на компаниите, преку воведување на стандарди внатре во самата компанија заради поквалитетни производи и поголема продуктивност. Стандардите, и процесот на стандардизацијата, претставуваат алатка за економски и социјален развој. За развојот на стандардизацијата голема улога имаат системите за стандардизација како што се:

- Меѓународен систем за стандардизација и
- Европски систем за стандардизација

Меѓународниот систем за стандардизација се состои од три меѓународни организации за стандардизација:

1. Меѓународна организација за стандардизација-ISO (International Organization for Standardization).
2. Меѓународна електротехничка комисија-IEC (International Electrotechnical Commission).
3. Меѓународна телекомуникациска унија-ITU (International Telecommunication Union).

ISO е мрежа на национални тела за стандардизација од 165 земји со голем број на технички тела, кои се одговорни за развивање на стандардите. Техничкиот комитет ISO/TC 228-Tourism and related services има публикувано 33 меѓународни стандарди од областа на Туризмот и сродните услуги[1].

Европскиот систем за стандардизација се состои од три европски организации за стандардизација:

1. Европски комитет за стандардизација-CEN.
2. Европски комитет за електротехничка стандардизација-CENELEC.
3. Европски комитет за електротехничка стандардизација-ETSI.

Главна улога на трите европски организации за стандардизација претставува развивање на стандарди кои ги задоволуваат потребите на европскиот пазар. Подготовката на стандардите, како главна дејност ја имаат Техничките работни тела на CEN, CENELEC и ETSI, при што секое работно тело има своја област на работење, во рамките на која е развиена програмата за работа на идентификуваните стандарди. Техничкиот комитет CEN/TC 329-Tourism services е од областа на туризмот и има публикувано 14 европски стандарди од таа област. Националните тела за стандардизација од целиот свет, вклучувајќи ги развиените земји, земјите во развој и економиите во транзиција, се членки на ISO и тие го претставуваат ISO во нивната земја. Во Република Северна Македонија, ИСРСМ е национално тело за стандардизација кое ги претставува националните интереси во меѓународните, европските и регионалните организации за стандардизација, ги промовира стандардизациските активности и преку здружување на јавните и приватните заинтересирани страни, ИСРСМ подготвува и усвојува доброволни национални стандарди.

[1] ISO, https://www.iso.org/benefits-of-standards.html.

## Резултати и дискусија

Според направената анализа, во однос на капиталот, 81% од заинтересираните страни се во приватна сопственост, 16% се државна сопственост и 3% се мешовита сопственост. Според бројот на вработени, најзастапени се малите претпријатија 42%, потоа микро претпријатијата 39%, средните со 17% и големи организации со 6%.
Во однос на работата на ИСРСМ, 43% од заинтересираните страни се запознаени со работата, 32% се делумно запознаени, а 24% не се запознаени.
Табела 1*: Дали заинтересираните страни се запознаени со работата на ИСРСМ*

| Дали сте запознаени со работата на ИСРСМ | Заинтересирана страна | Процент |
|---|---|---|
| да | 16 | 43% |
| делумно | 12 | 32% |
| не | 9 | 24% |

*Извор:* Прашалник за потребите на истражувањето, со кој се оценува опфатот и придобивките од примената на стандардите (2020)

Во однос на Програмата за работа на ИСРСМ ТК 44, 25% од заинтересираните страни се запознаени, 39% од заинтересираните страни не се запознаени и 39% делумно се запознаени. Ова укажува дека има мала заинтересираност за стандарди од областа на Туризам и сродните услуги. Од заинтересираните директно поврзани со дејности од туризам се 65%, додека 35% се индиректно поврзани со дејности од туризам и сродни услуги (организацијата е регистрирана со друга главна дејност различна од туризам и угостителство).

Табела 2: *Дали заинтересираните страни се запознаени со Програмата за работата на ИСРСМ ТК 44-Туризам и сродни услуги*

| Дали сте запознаени со Програмата за работата на ИСРСМ ТК 44-Туризам и сродни услуги | Заинтересирана страна | Процент |
|---|---|---|
| да | 9 | 25% |
| делумно | 14 | 39% |
| не | 14 | 39% |

*Извор:* Прашалник за потребите на истражувањето, со кој се оценува опфатот и придобивките од примената на стандардите (2020)

Фигура 1*: Во кој сегмент од туристичките услуги се заинтересираните страни*




*Извор:* Прашалник со кој се оценува опфатот и придобивките примената на стандардите во областа туризам и сродни услуги

Најголем дел од заинтересираните страни се од угостителскиот сегмент (хотелиерство и ресторанство) со 27%, додека 22 % се туристички агенции, со по 16 % се сместувачките капацитети и обрзовните институции, со по 11% се организациии од транспорт и логистика и друго, 5% се туристистички асоцијации, а со 3% се туристички здруженија и туристички комори.

Во сегментот на угостителство, 84% од заинтересираните страни имаат интерес, некои од нив имаат интерес и за хотелиерство и за ресторанство, а некои одделно. Поголем процент околу 61% од заинтересираните страни се интересираат за хотелиерство, а 48% за ресторанство.

Според географската припадност на туристите, 89% од заинтересираните страни имаат интерес за домашен и странски туризам. Истите тие, според видот на туристичките ресурси имаат интерес во градскиот, крајбрежниот и планинскиот туризам, а според должината на престојот околу 85% од заинтересираните страни имаат интерес за стационарен туризам, 64% имаат интерес за екскурзивен туризам, 52% имаат интерес и за излетничкиот и за транзитниот туризам.

Стандардите се резултат на консензус, воспоставен меѓу сите страни кои се заинтересирани и инволвирани во релевантната активност. Тие, исто така, мора да бидат признати од препознатливо тело за стандардизација.

Стандардот ги дефинира заедничките барања, врз усогласена основа на разбирање, и истиот промовира ефикасност и сигурност, го поедноставува животот и ја зголемува сигурноста и ефективноста на стоките и услугите кои ги употребуваме.

За потребите на истражувањето потребно е да ги објасниме поимите:

- **Меѓународен стандард** е стандард усвоен од меѓународна организација за стандардизација, кој е достапен на јавноста.
- **Европски стандард** е стандард усвоен од европска организација за стандардизација, и обврзува на негово усвојување како идентичен национален стандард, при што треба да се повлечат сите конфликтни национални стандарди, и
- **Национален стандард (Македонски стандард МКС)** е стандард усвоен од националното тело за стандардизација, кој и е достапен на јавноста.

Техничкиот комитет ИСРСМ ТК 44-Туризам и сродни услуги има усвоено 34 македонски стандарди и стандардизациски документи. Од нив 14 европски стандарди со метод на индосирање се усвоени како македонски, а 19 меѓународни стандарди со метод на препечатување се усвоени како македонски.

Од стандардите на услуги застапени се:

- Туристички услуги.
- Даватели на услуги за студиски тури за изучување на странски јазици-Барања.
- Услуги во рекреативното нуркање-Барања за обуки.
- Индустриски туризам-Обезбедување на услуги.

Од стандарди на услуги со терминологија, усвоени се стандарди за:

- Хотели и други типови на туристички сместувања.
- Туристички агенции и туроператори.

Од стандарди за туризам и сродни услуги усвоени се стандарди за:

- Велнес спа-Барања за услуги.
- Таласотерапија-Барања за услуги.
- Медицински бањи-Барања за услуги.
- Сместување: Хотели-Барања за услуги.
- Упатства за развој на еколошки спецификации за сместувачки капацитети.
- Барања и препораки за работа на плажа.
- Пристаништа за јахти.
- Туристички услуги за јавна употреба обезбедени од надлежни органи за заштитени природни области.

Од стандарди за авантуристички туризам застапени се:

- Системи за управување со безбедност-Барања.
- Информации за учесниците.
- Лидери-компетентност на персоналот.

Истражувањето покажува дека 81% од заинтересираните страни се запознаени со ISO-меѓународните стандарди, со CEN-европските стандарди се запознаени 54%, а со МКС-македонските стандарди се запознаени 68%.
Стандардите публикувани од ИСРСМ сé повеќе се имплементираат во сите области кои директно или индиректно влијаат врз развојот на туризмот. Директно влијание имаат стандардите кои се во делокруг на работата на техничките комитети за Туризам (ISO/TC 228, CEN/TC 329 и ИСРСМ ТК 44).

Фигура 2: *Процент на имплементирани стандарди од областа на Туризам и сродни услуги*




*Извор:* Прашалник со кој се оценува опфатот и придобивките од примената на стандардите во областа туризам и сродни услуги (2020).

Влијание врз развојот на туризмот имаат и системите за управување кои се припремени од работните групи и усвоени во техничките комитети од соодветната област за управување и како такви се индиректни. На пример голем улога во развојот на туризмот имаат:

- Системите за управување со безбедност на храна.
- Системите за управување со здравје и безбедност при работа.
- Системите за управување со квалитет.
- Системите за управување на енергија.
- Системите за управување на животна средина.
- Управувањето со ризици.
- Општествената одговорност итн.

Водечки стандарди кои се импленетирани од страна на заинтересирните страни се стандардите од областа на туризмот и сродните услуги со 57%. системите за управување со здравје и безбедност при работа 43%, системите за управување со квалитет 35% и системите за управување со безбедност на храна со 32%. Околу 11% од заинтересираните страни немаат имплементирано стандарди.

Според ИСРСМ во изминатите 5 години, најпродавани стандарди се Системите за управување со квалитет, Системите за управување на животна средина, Општи барања на компетентност на лаборатории за тестирање и калибрација, Системи за управување со здравје и безбедност при работа итн. Во однос на продажбата на стандарди од областа на Туризам и сродни услуги се уште нема интерес.

Фигура 3: *Најпродавани стандарди во изминатите 5 години во С. Македонија*




*Извор:* Институт за стандардизација на Република Северна Македонија, (2020)

Основната постапка за изработка на стандардите е во согласност со Интерните правила на ИСРСМ кои се базираат на европските и меѓународни принципи. Подготовката на стандардите се состои од 6 (шест) фази:

1. Идентификација на потреба за нови стандарди (поднесена иницијатива).
2. Прочување на потребата за нов стандард.
3. Формирање на технички комитет (постоечки или нов).
4. Изработка на нацрт стандард и постигнување на консензуз во рамките на техничкиот комитет.
5. Јавна расправа на нацрт-стандард.
6. Одобрување и публикување на стандардот.

Истражувањето покажува дека 92% од заинтересираните страни сметаат дека имаат потреба од стандарди за успешно управување во дејностите од областа на туризам и сродни услуги. Тие имаат потреба од национални стандарди за:

- Категоризација на хотели.
- Категоризација на сместувачки капацитети.
- Категоризација на угостителски објекти.
- Еко туризам.
- Еко превоз.
- Дојдовен (Incoming) туризам.
- Управување со квалитет во туризмот.
- Управување со ризици во туризмот.
- Управување на животната средина.

Иницијатива за подготовка и усвојување на македонски стандард (фаза 00.00) може да биде поднесена од страна на сите заинтересирани страни, владини тела или други правни лица, од ИСРСМ ТК 44-Туризам и сродни услуги и други. Иницијативата треба да се достави во писмена и електронска форма на соодветен образец, со образложение за причините поради кои се бара изработка и усвојување на нов македонски стандард, како и моменталната актуелна состојба во поглед на постоење на важечки национални стандарди и/или меѓународни и европски стандарди, од областа на која се однесува

иницијативата. Во прилог на иницијативата може да биде доставена работна верзија на стандардот (проектот).

Придобивки од стандардите и од целокупниот систем на стандардизацијата, може да ги почувствува и секој од нас, без разлика дали е во улога на потрошувач, на работник, заштитник на животната средина, и сл.

Истражувањето покажа дека заинтересираните страни имаат високо мислење за придобивките од примената на стандардите и тоа:

- Стандардите обезбедуваат безбедност и заштита при работа.
- Стандардите ја унапредуваат конкурентноста.
- Правилната и контуинирана примена на стандардите промовира одржливо работење.
- Правилната и контуинирана примена на стандардите овозможува одржлив развој на организацијата/институцијата.
- Примената на стандардите го подобрува имиџот на организацијата/институцијата.
- Примената на стандардите го подобрува имиџот за корпоративно општествена одговорност.
- Стандардите обезбедуваат безбедност на животната средина.

27% од заинтересираните страни причините за неприменетост на стандарди ги гледаат во неинформираност за стандардизација и друго, 24% поради немање субвенции од држават за примена на стандарди и 13.5% поради немање интерес за имплементација на стандарди.

**Заклучок**

За потребите на истражувањето направена е анализа, со која се оценува примената и придобивките од стандардите во областа туризам и сродни услуги, со цел на заинтересираните страни да им се обезбедат критериуми за донесување информирани одлуки кои обезбедуваат одржливост во работењето. Во однос на Програмата за работа на ИСРСМ ТК 44, заинтересираните страни не се запознаени доволно. Ова укажува дека има мала заинтересираност за стандарди од областа на Туризам и сродните услуги.

Заинтересираните страни имаат потреба од национални стандарди за категоризација на хотели, сместувачки капацитети и угостителски објекти, еко туризам, управување со квалитет во туризмот, управување со ризици во туризмоти и управување на животната средина. Причините за неприменетост на стандарди, заинтересираните страни ги гледаат во неинформираност за стандардизација и поради немање субвенции од држават за примена на стандарди

Глобализацијата сè повеќе ја зголемува конкуренцијата на пазарот. Во контекс на глобализацијата, повеќето компании, организации и јавни институции, се соочуваат со употреба на стандардите и оцената на сообразност во нивните секојдневни активности. Впрочем, стандардизацијата е клучна за поддржување на отворените пазари, слободната трговија и интероперабилноста на глобално ниво. Стандардизацијата е алатка за подобрување на конкурентноста на претпријатијата, одржлив развој и корпоративно општествена одговорност и поттикнување на пристапот до пазарот на иновативни решенија.

**Референци**

1. Deming W.E. & Orsini J. (2013). *The Essential Deming: Leadership Principles from the Father of Quality*, McGraw- Hill.
2. European Standardization, http://www.bjn.gov.mk/wpcontent/uploads/2018/11/Priracnik_za_javni_nabavki1.pdf, (1 September 2020).
   https://www.cencenelec.eu (1 September 2020).
   https://www.iso.org/benefits-of-standards.html. (1 September 2020).
3. ISO,
4. Juran, J. M. & Godfrey B.A. (1999). *Juran's Quality Handbook*, 5th edition, McGraw-Hill.
5. Mongomery, D. C. (2009). *Introduction to Statistical Quality Control*.Sixth edition, John Wiley & Sons.
6. Pyzdek T. &Keller P. (2003). *Quality Engineering Handbook (Quality and Reliability)*, Marcel Dekker, Inc., New York.
7. Zimmerman, S. & Icenogle M. L. (2002). *Statistical Quality Control Using Excel*, 2nd edition, ASQ Quality Press.
8. Василева Л. (2016). *Управување со квалитет*, Меѓународен центар за славјанска просвета, Скопје.
9. Влада на РСМ. (2010). *Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009-2030*.
10. Институт за стандардизација на Република Северна Македонија, http://www.isrsm.gov.mk, (10 September 2020).
11. Национална стратегија за одржлив развој во Р. Македонија http://www.macefdrr.gov.mk/files/dokumenti/NSSD.pdf (1 September 2020).
12. Прирачник за јавни набавки, Биро за јавни набавки, (2018).
13. Черепналковска, С. (2014). *Основи за стандардизацијата и сродните активности*, Скопје.